**Прашања поставени од акционерите на годишната седница**
**на Собранието на Македонски Телекомна 14.04.2011 година и**
**Одговори од страна на Друштвото**

- **<u>По шестата точка од Дневниот ред</u> –** ***"Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 година":***

  **Прашање:** Побарано е појаснување на ставот од втората страна од Годишниот извештај, и тоа по однос на износот од околу 4.300.000,00 евра (четиримилиониитристотиниилјади евра), што претставува платен данок на Управата за јавни приходи, а по предходно добиено Решение за данок.

  **Одговор:** Дополнително образложение по ова прашање ќе биде објавено на официјалната интернет страна на Друштвото. Краткиот одговор на поставеното прашање е дека по добивањето на финалниот Извештај ("Извештајот за истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком"), истиот бил разгледан и по тој основ е направена резервација за евентуални потенцијални даночни ефекти и истите така се прокнижени. Во текот на 2010 година извршено е плаќање по основ на тие евентуални даночни ефекти врз основа на Решение од страна на надлежните државни институции.

  **Дополнително образложение:**
  Врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Извештајот за истрагата до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком (Финален извештај), беше идентификуван износ од 248.379 илјади денари како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Во 2010 година, идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше 261.834 илјади денари, од кои 227.972 илјади денари, кои се однесуваа на Друштвото, беа исплатени во 2010 година согласно извршно решение издадено од страна на Управата за јавни приходи.

- **<u>По осмата точка од Дневниот ред</u> –** ***"Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година"*****:**

  **Прашање:** Која е причината што Друштвото објавува една вредност - бруто износ на дивиденда,а потоа кажува колку се одвојува за данок?

  **Одговор:** Согласно измените од Законот за трговски друштва, дополнително образложение по ова прашање, ќе биде објавено на официјалната интернет страна на Друштвото. Краткиот одговор на поставеното прашање се однесува на различната акционерска структура на Друштвото, а по тој основ, има и различно оданочување. Од тие причини не може точно да се наведе во одлуката која е нето вредноста на дивидената за 2010 година. Финалната акционерска структура ќе биде позната по последниот ден на тргување на берзата, односно, после 21 април 2011 година, и на официјалната интернет страна на Друштвото ќе биде објавено колку е бруто, а колку нето износот на дивидентата за 2010 година за сите видови акционери. Друштвото донесува Одлука за поделба на бруто дивиденда. Во зависност од структурата на акционерите, ќе биде детерминиран данокот кој што ќе треба да се плати на Државата по различни основи. Тоа што ќе остане во зависност од структурата, ќе биде дистрибуирано како нето добивка, а тоа во овој момент не може да се утврди, односно точните информации ќе се знаат по 21 април.
  Во моментот објективно не постои можност да се даде одговор на ова прашање, од причина што постои пресечен датум, а во меѓувреме постојано се тргува со акции на берзата.

**Дополнително образложение:**

Согласно постојните даночни прописи во Република Македонија, добивката на Друштвото се оданочува со данок на добивка во моментот на нејзина исплата во форма на дивиденда или други распределби од добивката, со исклучок на дивидендата исплатена кон правни лица резиденти на Република Македонија т.е. истата е ослободена од оданочување со данок на добивка. Дополнително, делот од добивката кој им припаѓа/им се исплаќа на странските правни лица по оданочување со данокот со добивка (кој износ претставува приход на акционерот по основ на дивиденда) се оданочува и со данок на задршка односно со персонален данок на доход кога станува збор за исплати кон физики лица.

Согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, распределбата на добивката на акционерите на Друштвото се врши пропорционално на нивното учество во вкупните акции со право на дивиденда.

Оттука, имајќи го во предвид начинот на оданочување на добивката и начинот на распределба на добивката на акционерите образложени погоре, а со цел да се обезбеди рамноправност на акционерите, дивидендата на Друштвото се утврдува во бруто износ од кој понатаму се задржува и уплатува соодветниот данок.

Подолу е даден и табеларен приказ на бруто дивидендата за 2010 година по вид на акционери:

*во МКД*

| Вид на акционери | Бруто дивиденда | Данок на добивка | Персонален данок на доход | Данок по задршка | Нето дивиденда | Нераспределена дивиденда |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Физички лица (домашни и странски) | 133.690.146 | 13.369.015 | 12.032.320 | - | 108.288.811 | - |
| Странски правни лица[1)] | 137.606.847 | 13.760.684 | - | 1.233.075 | 122.613.088 | - |
| Домашни инвестициски фондови | 339.867 | 33.987 | - | - | 305.880 | - |
| Домашни правни лица | 5.675.559.253 | - | - | - | 5.675.559.253 | - |
| Нераспределена дивиденда[2)] | 283.049 | - | - | - | - | 283.049 |
| **Вкупно** | **5.947.479.162** | **27.163.686** | **12.032.320** | **1.233.075** | **5.906.767.032** | **283.049** |

1) Вклучен е и ИФЦ, чија дивиденда не подлежи на данок на задршка

2) Дивиденда за 4.105 акции кои претставуваат дел од 2% акции кои Владата на Република Македонија во 2006 година ги додели на лицата кои биле вработени во АД Македонски Телекомуникации на 15.01.2001 и за кои сеуште, поради различни причини, не се евидентирани сопствениците во Акционерската книга на Македонски Телеком АД Скопје. За овие акции се утврдува дивиденда, а исплатата на истата ќе се изврши по евидентирање на сопствениците на овие акции во Акционерската книга на Македонски Телеком АД Скопје.